РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1927/3
15-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава на подносителот Здружение на човекови права ----- ----------, на 38-та седница одржана на ден 04.09.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3877 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-3877/1 од 14.08.2019 година, доставена од подносителот Здружение на човекови права ----- ----------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3877 од 2019 година, во врска со предметните наводи постапува друг надлежен орган во РСМ - Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-3877 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3877 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3877/1 од 14.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот Здружение за човекови права ----- ----------.

Во пријавата се содржани наводи против ----------- ----------, министер за внатрешни работи, поради несовесно вршење на функцијата, пречекорување на својата службена положба и овластување и повреда на законските прописи, за извршено прераспоредување на поголем број вработени во МВР(околу 500) без да биде испочитувана постапката за распоредување согласно Законот за внатрешни работи и без донесување на решение за работа туку со изготвување на писмени наредби, кои не биле во согласност со законските и подзаконските прописи. Во доставената пријавата се наведува дека истата пријава била доставена и до други институции и тоа до: ОЈО, Амбасада на САД и Амбасада на ЕУ во РСМ.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барање за податоци и информации до Основното јавно обвинителство Скопје.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, ДКСК го констатира следното:

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Во конкретниот случај, во пријавата станува збор за наводи против ---------- ----------, министер за внатрешни работи, поради несовесно вршење на функцијата, пречекорување на својата службена положба и овластување и повреда на законските прописи, за извршено прераспоредување на поголем број вработени во МВР (околу 500, но не е наведено за кој период ) без да биде испочитувана постапката за распоредување согласно Законот за внатрешни работи и без донесување на решение за работа туку со изготвување на писмени наредби, кои не биле во согласност со законските и подзаконските прописи.

Во доставената пријава се наведува дека, со овој чин не бил почитуван начинот на законитост и спротивно на систематизација на работни места и во МВР биле удвоени/дуплирани работните места па за исто работно место се исплаќал личен доход на двајца вработени (еден со „решение" а еден со „наредба"), а сето тоа на штета на Буџетот на МВР и на РСМ и со нанесување на потешка повреда на правата а други лица.

-На ден 18.05.2020 година, по барање на ДКСК, доставен е одговор од Основното јавно обвинителство Скопје, со кој се известува дека по проверка во нивната евиденција, утврдено било дека во ОЈО Скопје бил заведен кривичен предмет оформен по допрен глас против ---------- ----------, како и пријава поднесена од страна на ----- -------- против ---------- ----------, на донесени одлуки за извршени распоредувања на работа и работни задачи. Воедно, основниот јавен обвинител во доставениот одговор известува дека оваа пријава била во фаза на истрага и биле преземени одредени истражни дејствија.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со наводите за конкретниот случај наведен во доставената пријава постапува друг надлежен орган во РСМ - Основното јавно обвинителство Скопје, а пред кој постапката по оформениот предмет била во фаза на истрага во која биле преземени одредени истражни дејствија, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и постапката по истиот се запира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 04 септември 2020 година под бр. 12- 1927/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК
Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК